# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*
# *НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ*

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **15.05. 2025 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 7** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Предлог за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Свети Николе и Општина Кавадарци бр. 0801 – 1099 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 15.05.2025 година.

**Бр.0901- 1101**
**15.05. 2025 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 6 став (1) и (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24),член 14 и 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 05/02) и член 25 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе“ бр. 03/21), а по предлог на Градоначалникот Советот на Општината Свети Николе, на седницата одржана на ден 15.05. 2025 година, утврди

**П Р Е Д Л О Г**
**за**
**меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Свети Николе и Општина Кавадарци**

1. Цел на воспоставување на меѓуопштинската соработка е обезбедување на услуги од општина Кавадарци за потребите на Општина Свети Николе за постапување во областа од надлежност на градежен инспектор .
2. Соработката од точка 1 на овој предлог ке се остварува согласно чл.9 ст.2 алинеја 2 од Законот за мегуопштинска соработка(„Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24) преку вршење на определени работи од страна на Општина Кавадарци за потребите на Општина Свети Николе

3. За воспоставување и спроведување на МОС Општина Свети Николе би имала финансиска импликација кон Општина Кавадарци во вид на трошоци кои би се направиле со доагањето на градежниот инспектор во општина Свети Николе.

4. Предлогот влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Свети Николе,,.

**Бр. 0801- 1099**
**15.05.2025 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**

**Претеседателка,**
**Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Свети Николе и Општина Кавадарци бр. 0801 – 1100 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 15.05.2025 година.

**Бр.0901- 1101/2**
**15.05. 2025 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 6 став (1) и (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24),член 14 и 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 05/02) и член 25 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе“ бр. 03/21), а по предлог на Градоначалникот Советот на Општината Свети Николе, на седницата одржана на ден 15.05. 2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Свети Николе и Општина Кавадарци**

**Член 1**

Советот на општина Свети Николе го утврдува Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помегу Општина Свети Николе и Општина Кавадарци поднесен од Градоначалникот на Општина Свети Николе бр.0903-67/9 од 13.05.2025 год за постапување во областа од надлежност на градежен инспектор за потребите на Општина Свети Николе

**Член 2**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа одлука, процената за потребата од воспоставување на Меѓуопштинска соработка за воспоставување на меѓуопштинска соработка од Градоначалникот на Општина Свети Николе се доставува до Општина Кавадарци за прифакање и усвојување .

**Член 3**

Ова Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Свети Николе,,.

**Бр. 0801- 1100**
**15.05.2025 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**

**Претеседателка,**
**Валерија Ивановска с.р.**

**Содржина**

1.Предлог за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Свети Николе и Општина Кавадарци;

2. Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Свети Николе и Општина Кавадарци;

**Бр. 0801- 1102**
**15.05.2025 година**
**Свети Николе**